Деловоден број 10-85/22-4
Датум: 16.03.2022

# ВЕШТ НАОД И МИСЛЕЊЕ

Барател:
од Скопје

Полномошник:

...

Изработил, Вешто лице

...

По барање на од Скопје, преку полномошник адвокат ..., за изготвување на вешт наод и мислење за потребите на поднесување тужба за утврдување на право на службеност, на ден 15.03.2022година се излезе на лице место на ул.Питу Гули бр.37 и се изврши премерување на влезот-скалите кој го користат сопствениците на К.П.1668 КО Центар 2 за влегување пеш до својата недвижност. Со споредување на теренските податоци со податоците во катастарот на недвижностите го давам следниов:

## ВЕШТ НАОД

<u>Општо:</u>

Од страна на вештото лице беа извршени следниве дејствија:
-проучување на предметот,
-увид на лице место со премерување,
-обезбедување на податоци од АКН,
-изготвување на Вешт наод и мислење.

<u>Конкретно барање:</u>

1. На кој начин се пристапува од улица Питу Гули до парцелата К.П.1668 КО Центар 2?
2. Да дадете точни мери и граници на пристапот кој го користи барателот за да стигне до парцелата К.П.1668 КО Центар 2?
3. Како е изведен пристапот?

<u>Прибавена документација:</u>

-Дел од дигитален план во МакЕдит издаден од АКН на 15.03.2022година;

-Имотен лист бр.18048 КО Центар 2 издаде од АКН под бр.1105-50192/2022 од 15.03.2022година,

-Имотен лист бр.55379 КО Центар 2 издаде од АКН под бр.1105-50415/2022 од 15.03.2022година,

-Имотен лист бр.59882 КО Центар 2 издаде од АКН под бр.1105-50414/2022 од 15.03.2022година,

-Имотен лист бр.16466 КО Центар 2 издаде од АКН под бр.1105-50413/2022 од 15.03.2022година,

-координати на една геодетска точка.

Снимањето е извршено со Instrumentot Rover (GPS GR-3),и тотална станица TOP CON 105N сопственост на Геополарис ДОО Скопје

## КОНСТАТИРАНА СОСТОЈБА

Се излезе на лице место на ул.Питу Гули бр.37 и во присуство на барателот се изврши увид на лице место со премерување. До недвижноста на барателот се стигнува од североисток по улицата Питу Гули директно до бетонските скалите по кој влегува пешки барателот до неговата недвижност, која недвижност се наоѓа позади високиот потпорен зид од камен (слика 1) на која недвижност постои и објект-семејна станбена зграда (на скицата бр.2 високиот потпорен зид од камен е преставен со точките 18,59,17,16,15,14,13).

Барателот до својата недвижност стигнува исклучиво низ бетонските скали кои се наоѓаат во северниот дел од неговата недвижност (сл.1). Скалите почнуваат од улица Питу Гули со три скалила и потоа одат на запад па продолжуваат како скали но од двете страни со потпорен зид од камен, потоа скалите вртат на север, па пак на запад и продолжуваат се до дворното место на барателот ( сл.4, сл.5, сл.6, сл.7). На скицата на премерување бр.1 скалите се обоени со светло плава боја, а додека потпорниот зид од камен од двете страни на скалите со темно плава боја. Скалите заедно со се потпорниот зид од двете страни на скицата бр.2 се означени со точките 1, 2, 3, 4, 25, 26, 27, 28, 30, 31, 36, 35, 48, 42, 43, 44, 45, 39, 38, 18,17,16 и 19.

На запад од скалите на лице место има потпорен зид од камен кој на скицата е преставен со точките 46,47,48,50,52. Над зидот од камен постои заграден простор со тараби на скицата прикажан дел од него со точките 54,53 и 55 од друг сосед.

Десно од почетокот на скалите од улица Питу Гули на лице место има сандаче за струја кое по кажување на барателот е за целата улица и на скицата е преставено со точките 5,6,7 и 8.

Пред скалите и пред високиот потпорен зид позади кој се наоѓа недвижноста на барателот на лице место има понизок потпорен зид околу 40см до кој завршува улицата Питу Гули и тој зид е прикажан на скицата бр.2 со точките 9,6,5,4,1,10,11 и 12. Тој зид завршува до скалите кои се наоѓаат на југ во К.П.1291/1 КО Центар 2- приватна сопственост.

Спрема катастарот на недвижностите бетонските скали заедно со потпорните зидови десно и лево од нив се изградени на дел од К.П.1296/1 КО Центар 2, дел од К.П.1310/2 КО Центар 2, дел од К.П.1296/2 КО Центар 2 и на југ во недвижноста на барателот на дел од К.П.1668 КО Центар 2.

СОСТОЈБА СПРЕМА КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ

К.П.1393 КО Центар 2 со површина од 1073м2 ( од кои двор од 956м2, земјиште под зграда 1 од 110м2 и земјиште под зграда 2 од 7м2) е запишана во Имотен лист бр.18048 со право на сосопственост на [redacted] на 2/4идеал.дел, [redacted] на 1/4идеал.дел и [redacted] на 1/4идеал.дел.

К.П.1296/2 КО Центар 2 со површина од 46м2-улици е запишана во Имотен лист бр.55379 со право на сопственост на [redacted], а право на користење има [redacted] на 10/45идеал.дел и [redacted]во на 30/45идеал.дел. Во имотниот лист има прибележување-Барање за приватизација на градежно земјиште УП/бр.26-848/14 од 13.12.2014 од [redacted].

К.П.1310/2 КО Центар 2 со површина од 136м2-двор е запишана во Имотен лист бр.16466 со право на сопственост на [redacted]. Во имотниот лист има прибележување-Барање за приватизација на градежно земјиште УП.бр.26-1131/1 од 15.12.2014година од [redacted] и [redacted] и поднесено барање за денационализација за поранешна К.П.792 КО Долно Водно.

К.П.1296/1 КО Центар 2 со површина од 1100м2-земјиште под инфраструктурни објекти е запишана во Имотен лист бр.59882 со право на сопственост на [redacted], а право на користење [redacted] на 950/1100идеал.дел.

## МИСЛЕЊЕ

За да може барателот од улица Питу Гули да стигне до својата недвижност во која е сосопственик или К.П.1668 КО Центар 2 потребно е да помине низ бетонските скали кои од двете страни имаат потпорен зид од камен и кои се наоѓаат право од улицата Питу Гули, односно улицата завршува до бетонскиот парапед кој на скицата е прикажан со точките 9,6,5,4,1,10,11 и 12 и по скалите прикажани на

скица бр.1 со светло плава боја и бетонскиот зид од двете страни со темно сива боја можат да стигнат исклучиво до нивната недвижност К.П.1668 КО Центар 2 –пеш.

Со возило барателите не можат да стигнат до недвижноста поради високата висинска разлика и поради потпорниот зид кој го држи тој висок терен. Од улица Питу Гули односно од скалите кај точка 2 до последната снимена точка на скалите во парцелата на барателот точка бр.42 висинската разлика е скоро 3м. Нагоре на запад теренот расте и има уште повисока висинската разлика. Поради стрмниот терен така и се изведени скалите прво право на запад, па вртат на десно на север па пак право на на запад , па на лево на југ се само да се избегне стрмниот терен.

Бетонските скали заедно со потпорниот зид кои ги користи барателот за влез и излез пеш од/до својата недвижност К.П.1668 КО Центар 2 се со вкупна површина од 37м2 од кои 16м2 од нивната недвижност-К.П.1668 КО Центар 2 кои не се предмет на оваа постапка.

Предмет на оваа постапка за воспоставување на право на службеност се само дел од скалите и тоа во површина од 21м2 кои зафаќаат делови од три катастарски парцели и тоа:

<u>>>дел од К.П.1310/2 КО Центар 2 во површина од 7м2 на</u> скицата бр.2 обоено со виолетова боја прикажана со точките 35,36,31,63,60,38, 61 и 62 со следниве мери и граници:

-од север спрема К.П.1310/2 во должина од 1.0м, 1.69м и 0.65м по крајот на потпорниот зид од камен на скалите,

-од исток спрема К.П.1296/1 (улица Питу Гули) во должина од 2.39м, спрема К.П.1310/2 во должина од 0.54м и 0.37м по крајот на потпорниот зид од камен на скалите,

-од југ спрема К.П.1668 (недвижноста на барателите) во должина од 2.62м,

-и од запад спрема К.П.1310/2 во должина од 2.23м по крајот на потпорниот зид од камен на скалите.

<u>>>дел од К.П.1296/1 КО Центар 2 во површина од 10м2</u> на скицата бр.2 обоено со зелена боја прикажана со точките 63,30,28,27,26,25,4,3,2,1,19,65,64,59,18 и 60 со следниве мери и граници:

-од север спрема К.П.1296/1 ( улица Питу Гули) во должина од 1.21м по крајот на потпорниот зид од камен на скалите,

-од североисток спрема К.П.1296/1 во должина од 1.52м, 0.44м, 0.47м, 0.55м, 0.76м по крајот на потпорниот зид од камен на скалите, па продолжува со должина од 1.05м и 2.58м по влезните скали од улица,

-од југ спрема К.П.1296/1 во должина од 0.87м и 0.32м по влезните скали од улица, спрема К.П.1296/2 во должина од 1.46м, 2.28м, спрема К.П.1296/1 во

должина од 1.15м пред по потпорниот зид и 1.04м по крајот на потпорниот зид од камен на скалите,

-и од запад спрема К.П.1310/2 во должина од 2.39м.

>> и дел од К.П.1296/2 КО Центар 2 во површина од 4м2 на скицата бр.2 обоено со светло плава боја прикажана со точките 59,64,65,16, и 17 со следниве мери и граници:

-од север спрема К.П.1296/1 во должина од 2.28м,

-од североисток спрема К.П.1296/1 во должина од 1.46м,

-од југоисток спрема К.П.1296/2 во должина од 1.87м по крајот на потпорниот зид од камен на скалите,

-и од југозапад спрема К.П.1296/2 во должина од 0.28м и 2.29м пред високиот потпорниот зид од камен на недвижноста.

Како што претходно кажав единствен влез за во недвижноста на барателот е низ бетонските скали кои од двете страни имаат потпорен зид и се наоѓаат на северниот дел од недвижноста на барателот, право по улицата Питу Гули, односно улицата Питу Гули завршува во потпорниот зид од кој почнуват овие бетонските скали.

Лево од тие скали или на југ постојат на лице место уште едни скали но тие се скали на соседот или сопственикот на К.П.1291/1 КО Центар 2, изградени на негов имот -приватен имот односно на К.П.1291/1 КО Центар 2 и барателот неможе да ги користи тие скали.

Скопје, 16.03.2022 Вешто лице

...

прилог:




слика 1( директен влез од улица Питу Гули во недвижноста на барателите)



слика 2( десна страна од недвижноста над барателите или накај север)



слика 3 ( лева страна од недвижноста над барателите или накај југ, позади високиот потпорен зид - десно ). Лево скалите на скицата кои водат до објектот во соседната К.П.1291/1 се дел од К.П.1291/1 приватна сопственост.



слика 4- скалите на барателите со потпорните зидови десно и лево од нив



слика 5- почеток на скали од улица( или дел во К.П.1296/2 и К.П.1296/1)



слика 6- среден дел скалите ( или дел во К.П.1310/2), горе десно над скалите се гледа потпорен зид камен и тараби кои не се изградени на недвижноста на барателот



слика 7- крајот на скалите или делот во недвижноста на барателите, потпорен зид од десно во недвижноста на барателите

# СКИЦА НА ПРЕМЕРУВАЊЕ




**Изготвил , Вешто лице**

**Скопје,** 15.03.2022

**ОВЛАСТЕН СУДСКИ ВЕШТАК ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ ОД ОБЛАСТА НА ГЕОДЕЗИЈАТА**

# СКИЦА НА ПРЕМЕРУВАЊЕ

скица бр.2




Скопје, 15.03.2022

Изготвил , Вешто лице

# MakEdit

## 3/15/2022 2:24:55 PM

